Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## период јануари-март 2026 година

Скопје, април 2026 година

97

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

2

поведени постапки на КСЗД за заштита од дискриминација по службена должност

19

случаи на утврдена дискриминација во периодот од јули до септември 2026 година

*Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и женскиот род*

# ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во првиот квартал на 2026 година, до КСЗД се доставени 97 претставки, и тоа 87 од физички лица и 10 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2025 година, бројот на поднесени претставки е намален за 15%.

Во извештајниот период КСЗД поведе и две постапка по службена должност.




Од подносителите физички лица, за 11 не е познат податокот за припадноста на пол. Од оние кои доставиле податок, 41 (54%) биле жени и 35 (46%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 42 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 23 биле Македонци, 6 Албанци, 4 Роми, 4 Турци, 3 Бошњаци, 1 Србин и 1 Влав. Тројца подносители на претставки се изјасниле за друга етничка припадност.




Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 41-50 години (19 претставки). Поднесени се и 3 претставки од родители во име на нивните деца.

Податок за возраст не доставиле 35 граѓани.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




40 претставки поднеле граѓани и правни лица со адреса/седиште во општините од Скопскиот плански регион. Бројот на претставки од општините во останатите региони е следниот:

- 12 од Југозападниот плански регион
- 10 од Пелагонискиот плански регион
- 10 од Југоисточниот плански регион
- 8 од Вардарскиот плански регион
- 6 од Источниот плански регион
- 5 од Полошкиот плански регион
- 2 од Североисточниот плански регион

Една претставка е поднесена од лице со живеалиште/престојувалиште во Италија, а тројца подносители на претставки не доставиле адресен податок.

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ НА 2026 ГОДИНА




Во првото тримесечје на 2026 година, КСЗД донесе вкупно 100 одлуки по предмети за заштита од дискриминација, од кои 18 по предмети отворени во тековната година и 82 по предмети пренесени од претходната година.

Донесени се 50 мислења, од кои во 19 случаи се утврди дискриминација, а во 31 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не се постапувало или била запрена постапката по 50 претставки.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Директната дискриминација е најчестиот утврден вид на дискриминација во првиот квартал на 2026 година.

Утврдени се и случаи на вознемирување, интерсекциска дискриминација и сексуално вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

Во три случаи КСЗД утврди дискриминација во повеќе видови.

## Основи на утврдена дискриминација




Во утврдените 19 случаи во првиот квартал на 2026 година идентификувана е повреда на правото врз десет различни основи на дискриминација.

Најчесто утврдена е дискриминацијата врз жените врз основа на пол и род. Во четири од утврдените седум случаи, истата е во врска со бременост, раѓање и мајчинство, во два истата е во вид на сексуално вознемирување и поврзано со нивната професија како новинарки (лично својство), а во последниот случај се утврди дискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет врз трансродова жена.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во првиот квартал на 2026 година се утврдени во обласа на работата и работните односи. КСЗД утврди дискриминација и во областите јавно информирање и медиуми (вклучително и социјални медиуми), образование, наука и спорт, пристап до добра и услуги и правосудство и управа.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Заменик-директор навредувал наставничка поради нејзиното потекло**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди вознемирување врз основа на потекло, откако директор и заменик-директор упатувале навредливи изјави кон наставничка, единствено поради тоа што потекнува од село. Со ваквото однесување е повредено нејзиното достоинство во работната средина.

Комисијата му препорача на заменик-директорот, во рок од 30 дена, писмено да ѝ се извини на подносителката за вознемирувачките изјави поврзани со нејзиното потекло и за тоа писмено да ја извести Комисијата.

Во спротивно, согласно законот, Комисијата ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

**Вознемирување, сексуално вознемирување и сексистички говор на социјалните медиуми**

Во повеќе случаи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди вознемирување, сексуално вознемирување, повторено (повеќекратно) сексуално вознемирување, како и повикување, поттикнување и давање инструкции за дискриминација во областа на јавното информирање и медиумите.

Станува збор за јавно достапни и лесно споделливи објави на социјалните мрежи, кои содржат сексуализирани, понижувачки и омаловажувачки квалификации.

Комисијата препорачува пријавените лица јавно и недвосмислено да се извинат за стореното, на истата платформа на која е извршено вознемирувањето, како и да се воздржат од ваков начин на говор, постапување и дејствување во иднина.

Во спротивно, согласно своите надлежности, Комисијата ќе поднесе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Прочитајте повеќе за следните два случаи на сексуално вознемирување:

- Случај 1
- Случај 2

КСЗД
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk